БИБЛИОТЕКА

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-461/3
Датум: 21.2.2011 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 224 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 60 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Деканатската управа на својата седница одржана на 21.2.2011 г. донесе

# Одлука

## за рок за пријавување на тема за магистерски труд

1. Студентите запишани на втор циклус на студии во учебната 2008/2009 и во 2009/2010 година должни се до 14.септември 2011 година да пријават тема за изработка на магистерски труд.
2. Студентите запишани во учебната 2008/2009 година кои нема да пријават тема во рокот од точка 1 на оваа одлука, при пријавата на тема по овој рок ќе плаќаат 20 кредити за пријавување на тема за изработка на магистерски труд и дополнителни 10 кредити за задоцнето пријавување.
3. Студентите запишани во учебната 2009/2010 година кои нема да пријават тема во рокот од точка 1 на оваа одлука, при пријавата на тема за изработка на магистерски труд по овој рок, уплаќаат средства во висина од 10 кредити (презапишување на магистерски труд).
4. Одлуката да се достави до: Управата, веб страницата на ФЕИТ, продеканите секретарот, Сл. за студентски прашања, сметководство и архива на ФЕИТ.

**Образложение**

Согласно Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студентите се должни да ги завршат студиите за двојно подолго време одколку што траат студиите, односно во рок од две години. Факултетот има право да го продолжи овој рок што прави со оваа одлука за генерацијата 2008/2009 година. Во однос на студентите запишани во учебната 2009/2010 г. со почетокот на зимскиот семестар од учебната 2011/2012 година истекува рокот од две години во кој студентот треба да ги заврши студиите од втор циклус. Бидејќи не е запазен законскиот рок, на студентот му се овозможува да го презапише магистерскиот труд со надоместок во висина од половина од кредитите предвидени за пријавување и одбрана на магистерскиот труд. Со пријавување на магистерскиот труд ќе отпочне да тече рокот од една година за изработка и одбрана на истиот.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски